FINANCE THINK
OUT OF THE BOX

# Колку Владата ги исполни своите ветувања во социо-економскиот домен?




**Во тек на првите две години од мандатот 2024–2028, Владата во целост исполнила само 5 (11%) од 44 мерливи социо-економски ветувања. Дополнителни 11 ветувања (25%) се движат во насока на исполнување. Наспроти тоа, 21 ветување (48%) останува неисполнето, а 7 (16%) се движат во спротивна насока. Ветувањата за капиталните инвестиции, СДИ, земјоделскиот буџет и социјалната заштита бележат посебно низок степен на исполнување.**

**БРИФ ЗА ПОЛИТИКИТЕ БР. 80**

**За да ги врати ветувањата на посакуваната патека, Владата треба транспарентно да ги прегледа сите 44 мерливи ветувања и да претстави конкретен план за исполнување или јавно да ги ревидира таргетите кои повеќе не се реалистични.**

## ПРОБЛЕМ

Владината програма претставува имплицитен договор меѓу власта и граѓаните. Исполнувањето на ветувањата е суштинска мерка на политичка одговорност и показател за довербата во институциите. Во контекст на Северна Македонија, систематското следење на владините ветувања е особено важно за зајакнување на отчетноста и за информирана јавна дебата.

Социо-економскиот домен е особено значаен поради две причини. Прво, тоа се ветувања кои директно влијаат врз животниот стандард на граѓаните – преку даноци, плати, пензии, социјални надоместоци и буџетски инвестиции.

Второ, тие ветувања се во голема мера квантифицирани и мерливи, што овозможува точна верификација на постигнатото.

Finance Think врши систематско следење на Владините ветувања за периодот 2024–2028, преку платформата КОМПАС, поддржано од Civica Mobilitas. Овој бриф претставува наод на половина мандат – до јуни 2026 година.

## ЦЕЛ

Целта на овој бриф е да го оцени степенот на исполнување на Владините ветувања во социо-економскиот домен до средината од 2026 година, врз основа на систематско следење на 44 мерливи ветувања распоредени во 12 тематски подрачја.

## МЕТОДОЛОГИЈА И ПОДАТОЦИ

Анализата е заснована на систематско следење на Владината програма 2024–2028. Идентификувани се 44 квантифицирани или операционализирани ветувања за кои постои мерлив индикатор. За секое ветување се собрани:

• Квантифицирано очекување согласно Владината програма (2024, 2025, 2026);

• Оствареното ниво согласно официјалните извори (ДЗС, Министерство за финансии, Еуростат, Светска банка);

• Квалитативна оцена на статусот: ИСПОЛНЕТО / ВО НАСОКА / ВО СПРОТИВНА НАСОКА / НЕИСПОЛНЕТО.

Ветувањата без доволно податоци не се вклучени во агрегатните пресметки; такви се три ветувања за кои не постојат податоци во моментот на пишување на овој Бриф.

## РЕЗУЛТАТИ

### *Агрегатна слика: едно ветување исполнето на секои девет*

До средина на 2026 година, само 36% од мерливите ветувања имаат позитивна траекторија – 11% целосно исполнети и 25% во насока на исполнување – наспроти 64% кои или не се реализираат или се движат во спротивна насока (Графикон 1).

Ветувањата кои доследно се исполнуваат се поврзани со одржување на постојниот даночен режим и зголемување на пензиите. Особено, зголемувањето на пензиите кое беше централно ветување во изборната програма од 2024 година беше исполнето во целост, иако со сериозни негативни импликации за стабилноста на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. Ветувањата за даночни олеснувања, нови инструменти и директни трансфери кон граѓаните покажуваат значајно потфрлање.

**Графикон 1 – Социоекономските ветувања според статус (до јуни 2026, n = 44)**




*Извор: Finance Think, сопствено следење, јуни 2026.*

### *1. Макроекономски показатели: поволни резултати*

Ова е областа со релативно најдобри резултати. Осум показатели се во позитивна насока, но три отстапуваат значително: инфлацијата останува упорно висока (4,1% во 2025 наспроти ветени 2,5%), СДИ нагло паднаа на само 1,5% БДП (2024: 6,6%), а сивата економија – мерена според уделот на неформални работници во вкупната вработеност - се зголеми. Невработеноста опаѓа побавно од ветеното.

Невработеноста бележи позитивен тренд, но заостанува зад програмата: таргетот за 2025 беше 10,7%, а остварено е 11,5%. За да се достигне целта од 7,5% до 2028, во наредните две години ќе треба намалување за 4 п.п. – двојно побрзо од сегашниот темпо (Графикон 2).

Падот на СДИ е делумно резултат на глобалните услови – трговски тензии меѓу САД и Кина, американски царини и забавување на европскиот инвестициски циклус. Меѓутоа, истовремено ова е индикатор за домашен структурен проблем: Владата сè уште не ја ревидирала стратегијата за привлекување СДИ. Оттука, иако дел од падот е цикличен и глобално условен, отсуството на нов пристап кон СДИ го зголемува ризикот земјата постепено да ја губи конкурентноста во привлекувањето извозно-ориентирани инвестиции.

## 1. Макроекономски показатели

| | | |
|---|---|---|
| **Раст на БДП (цел: 3-5%)**<br>2024: 3,0% \| 2025: 3,5%<br>↗ ВО НАСОКА | **Инфлација (цел: 2,5%)**<br>факт 2025: 4,1%<br>↘ ВО СПРОТИВНА | **Раст на депозитна база**<br>2025: 10,0%<br>↗ ВО НАСОКА |
| **Раст на кредити**<br>2025: 13,0%<br>↗ ВО НАСОКА | **Невработеност (цел: 7,5%)**<br>цел 2025: 10,7% \| факт: 11,5%<br>↗ ВО НАСОКА | **Странски директни инвест.**<br>2024: 6,6% \| 2025: 1,5% БДП<br>↘ ВО СПРОТИВНА |
| **Нови работни места**<br>цел: 13.750/год \| 2025: 8.997<br>↗ ВО НАСОКА | **Бизнис клима (B-Ready)**<br>2025: 73,6% (рег. 59,7)<br>↗ ВО НАСОКА | **Намалување сива економија**<br>2024: 12,3% → 2025: 13,5% (↑)<br>↘ ВО СПРОТИВНА |
| **Животен стандард (% EU БДП)**<br>2024: 42%<br>– НЕМА ПОДАТОЦИ | **Продуктивност на труд**<br>2024: +1,8% \| 2025: +2,0%<br>↗ ВО НАСОКА | **Раст на извоз**<br>€7,8М (2024) → €8,0М (2025)<br>↗ ВО НАСОКА |

*Извор: Finance Think, врз основа на ДЗС, Министерство за финансии и Еуростат*

**Графикон 2 – Невработеност: ветено наспроти остварено**




*Извор: Finance Think, врз основа на ДЗС и Владина програма 2024–2028.*

Иако УЈП го воведе системот на е-фактура, сеопфатен систематски пристап кон сивата економија засега изостанува. Нема точен увид за исполнување на чекорите од Стратегијата за формализација на неформалната економија 2023-2027.

Растот на кредитите и депозитната база – согласно на ветувањата - упатува на задржана доверба и солидна ликвидност во банкарскиот систем, што обезбедува поддршка за економската активност. Истовремено, подобрувањето на оценката за бизнис-климата сигнализира напредок во деловното окружување и институционалните услови за работење. Позитивниот раст на продуктивноста на труд, пак, укажува на постепено подобрување на ефикасноста на економијата, што е важна основа за поодржлив економски раст на среден рок.

Извозот оствари реален раст од 6.1% во 2025, по две години на пад (2023: -3%; 2024: -4%), што е одраз на неповолното надворешно окружување – особено слабата побарувачка од европските пазари – но и на ограничен напредок во зголемувањето на конкурентноста и диверзификацијата на домашната извозна база. Ова е особено важно бидејќи извозот претставува клучен двигател на малите и отворени економии како македонската, а неговото забавување директно го ограничува потенцијалот за повисок економски раст.

## *2. Јавни финансии: блага фискална консолидација*

Во делот на јавните финансии, забележителна е блага фискална консолидација, односно постепено стеснување на буџетскиот дефицит (Графикон 3) и одржување на јавниот долг блиску до психолошката граница од 60% од БДП (Графикон 4). Сепак, буџетскиот дефицит останува над ветените вредности, во одредена мера движено и од потребата да се поддржи економскиот раст во пост-кризни и кризни услови, додека јавниот долг во 2025 година оствари вредност пониска од ветената. Ризиците во 2026 пораснаа, со развојот на Кризата на Блискиот Исток, и потребата Владата да преземе мерки за ублажување на последиците од кризата. Тоа предизвика предвидениот буџетски дефицит во голема мера да се потроши уште во првите 5 месеци од годината, што создава загриженост дека патеката на фискална консолидација може да се наруши или лесно да се напушти.

### 2. Јавни финансии

**Буџетски дефицит (цел: 2025: 3,0%)**
2024: 4,3% | 2025: 4,0%
↗ ВО НАСОКА

**Јавен долг (цел: 59,7%)**
2024: 61,4% ц 2025: 59,4% | К1 2026: 59,7%
↗ ВО НАСОКА

**Наплата даночни приходи**
цел: раст>БДП | 2025: -0,02%
↘ ВО СПРОТИВНА

**Плати во јавна администрација**
2024: +16,9% | 2025: +1,9% (цел: 3-4%)
↘ ВО СПРОТИВНА

*Извор: Finance Think, врз основа на ДЗС, Министерство за финансии и ДЗС*

**Графикон 3 – Буџетскиот дефицит како процент од БДП (2024-2028)**




*Извор: Finance Think, врз основа на Министерство за финансии.*

**Графикон 4 – Јавен долг како процент од БДП (2024-2028)**




*Извор: Finance Think, врз основа на Министерство за финансии.*

Ветувањето за платите во јавната администрација, на просветните, здравствените, културни и социјалните работници, на вработените во судството, полицијата, заслужува посебно внимание. Иако не е прецизно наведено, во оваа анализа ова ветување се анализира преку споредба на реалниот раст на платите со реалниот раст на економијата. Во таа смисла, реалниот раст на платите во јавниот сектор во 2025 година изнесува само 1.9%, и заостанува зад реалниот раст на економијата, меѓутоа следи на огромен реален раст во претходната година од 16.9%. Според тоа, нема оправдување за повисок пораст на платите во јавниот сектор, и покрај тоа што квантитативно ова ветување е во спротивна насока од ветената во текот на 2025 година. Доколку пак се спореди номиналниот пораст на платите со реалниот пораст на економијата, тогаш остварувањето ќе може да се смета во линија со ветувањето.

## *3. Даночна политика: статус-кво, реформите стојат*

Ветувањата за „одржување” на постојниот даночен режим се исполнети. Ова е важно затоа што едно од важните концептуални ветувања во предизборието беше дека нема да се прибегне кон нови и повисоки даноци. Ова укажува дека Владата во првата половина од мандатот дала приоритет на предвидливоста и избегнувањето даночни шокови, наместо на подлабоки структурни даночни реформи. Но, ниту едно ветување за проширување на поволностите или воведување нов инструмент не е реализирано. Иако проширување на даночните поволности може да биде ризично од перспектива на фискалниот простор, сепак оваа група ветувања се однесуваа на поранливи категории на пазарот на труд, и нивното неисполнување може да се смета за пропуштена можност за потаргетирана поддршка на ранливите групи и за поттикнување на нивната поактивна интеграција на пазарот на труд.

Посебно внимание заслужува ветувањето за 5% данок за мултинационали компании: имплементацијата на ОЕЦД Пилар 2 (глобален минимален данок од 15%) го прави ова суштински неостварливо – ветувањето е тивко напуштено без јавно признание.

### 3. Даночна политика

**ДДВ на личен доход: 10% непроменет**
цел: 10% | факт: 10%
✓ ИСПОЛНЕТО

**Данок на добивка: 10% непроменет**
цел: 10% | факт: 10%
✓ ИСПОЛНЕТО

**Реинвестирана добивка без оданочување**
ветено → применето
✓ ИСПОЛНЕТО

**Даночно ослободување за млади до 29 г.**
ветено: 0% | факт: 10%
X НЕИСПОЛНЕТО

**Поврат за ДДВ за мајки (новороденче)**
ветено: 0% | факт: 10%
X НЕИСПОЛНЕТО

**Праг за ДДВ регистрација**
ветено: 3 мил. ден. | факт: 2 мил. ден.
X НЕИСПОЛНЕТО

**5% данок за мултинационални >50 мил. €**
ветено: 5% | факт: 10%
X НЕИСПОЛНЕТО

*Извор: Finance Think, врз основа на УЈП и Министерство за финансии.*

### *4. Поддршка на приватниот сектор*

Единственото исполнето ветување сврзано со поддршката на приватниот сектор е зголемувањето на буџетот на Комисијата за заштита на конкуренцијата (КЗК). Ова може да претставува важен чекор кон институционално зајакнување на Комисијата и создавање поголем капацитет за поефикасна заштита на конкуренцијата на пазарот. Капиталните инвестиции, ветени на минимум €750 мил. годишно, остануваат на само 62% реализација (€462 мил. во 2025). Во Буџетот 2026 година, за прв пат проектираното ниво на капитални инвестиции се намали, бидејќи долг низ години остварувањето беше значајно под реализацијата, следејќи го истиот образец: висока проекција на капитал инвестиции – кратење со ребалансите на буџетот – реализација и под скратениот обем на капитални инвестиции. Долготрајното потфрлање кај капиталните инвестиции не е само буџетски проблем, туку директно влијае врз долгорочниот потенцијал за раст, продуктивност и инфраструктурна модернизација.

Ветувањата за парафискалните давачки и регулаторната гилотина остануваат неоперационализирани. Според Извештаите од Европската комисија за Реформската агенда, не се оптимизирани 28 од вкупно 377 идентификувани парафискални давачки, ниту се преполовени 50% од административните процедури за малите и средните претпријатија.[1]

#### 4. Поддршка на приватниот сектор

**Зголемување буџет на КЗК**
2024: €447k | 2025: €574k | К1 2026: €750k
✓ ИСПОЛНЕТО

**Капитални инвестиции (≥€750M/год.)**
цел: €750M | 2024: €467M | 2025: €462M
↘ ВО СПРОТИВНА

**Даночни поволности за R&D**
ветено → не реализирано
x НЕИСПОЛНЕТО

**Поволности за животно осигурување**
ветено → нереализирано
x НЕИСПОЛНЕТО

**Намалување на парафискални давачки**
ветено - нереализирано
x НЕИСПОЛНЕТО

**Регулаторна гилотина 2025**
ветено - не реализирано
x НЕИСПОЛНЕТО

*Извор: Finance Think,* врз основа на Министерство за финансии и КЗК.

### *5. Иновации и ИКТ сектор: ниту едно ветување реализирано*

Двете ветувања за ИКТ секторот – даночни поволности за ИТ компании и правна рамка за фриленсери – остануваат само во програмата. Ова ги намалува конкурентните предности на земјата во привлекувањето дигитални компании. Во услови на регионална конкуренција за дигитални инвестиции и висококвалификувана работна сила, одложувањето на овие мерки може постепено да ја намали атрактивноста на земјата за ИТ и фриленс екосистемот.

#### 5. Иновации и ИКТ сектор

**Даночни поволности за ИТ компании**
ветено → не реализирано
x НЕИСПОЛНЕТО

**Законски статус „фриленсер“**
ветено → не реализирано
x НЕИСПОЛНЕТО

*Извор: Finance Think, врз основа на УЈП и МИОА.*

[1] Annex III to the Commission Implementing Decision approving the third release of funds to North Macedonia under the Reform and Growth Facility for the Western Balkans Assessment of the Conditions for Payment – North Macedonia.

### *6. Пазар на труд: ветувањата во насока, темпото забавува*

Ветувањето за 55.000 нови работни места е во насока на исполнување: 22.064 работни места се создадени во првата половина на мандатот (~40% од таргетот).

Сепак, темпото забавило во 2025 – 8.997 наспроти очекувани ~13.750 годишно. За целта до крај на мандатот, во наредните две години ќе треба уште ~33.000 места (Графикон 5).

Забавувањето на темпото на креирање работни места може да сигнализира дека почетниот пост-кризен импулс постепено слабее, што ја зголемува важноста на структурните политики за продуктивност и инвестиции.

## 6. Пазар на труд и вработување

**55.000 нови работни места / мандат**

цел/год: 13.750 | 2024: 13.067 | 2025: 8.997

↗ ВО НАСОКА

**Буџет за активни мерки (€150М)**

цел/год: €37,5М | 2024: €32,6М | 2025: €40М

↗ ВО НАСОКА

*Извор: Finance Think, врз основа на ДЗС и Агенција за вработување.*

**Графикон 5 – Нови работни места – напредок кон целта**




*Извор: ДЗС.*

### *7. Демографска политика: надоместоците далеку под ветеното*

Надоместокот за родинско згрижување во 2025 изнесува само 60% од ветениот износ (14.724 наспроти 24.379 денари). Потфрлањето е особено изразено бидејќи ветувањето беше директно поврзано со минималната плата.

## 7. Демографска политика

**Надомест за згрижување = мин. плата**

цел: 24.379 ден. | факт: 14.724 ден. (60%)

X НЕИСПОЛНЕТО

**Надомест за згрижувачки семејства (+20%)**

цел: 23.619 ден. | факт: 20.768 ден. (88%)

X НЕИСПОЛНЕТО

*Извор: Finance Think,* врз основа на МТСП.

### *8. Енергетски сектор: ниту едно ветување реализирано*

Тарифата за пристап на мрежа останала непроменета, а законската измена не е донесена. Програмата за поддршка на домаќинствата за зелена транзиција не е оперативно следена.

## 8. Енергетски сектор

**Укинување тарифа за пристап на мрежа (200 ден. + ДДВ)**

ветено → без законска измена

X НЕИСПОЛНЕТО

**Поддршка 150.000 домаќинства - зелена транзиција**

без мерење / податоци

\- НЕМА МЕРЕЊЕ

*Извор: Finance Think.*

### *9. Земјоделство: буџетот опаѓа*

Буџетот за финансиска поддршка на земјоделието бележи опаѓачки тренд: €148,8 мил. во 2024 (83% од ветеното), €124,3 мил. во 2025 (69%), и само €116,5 мил. во 2026. Проекцијата за 2026 е далеку под ветеното од најмалку €180 мил. годишно.

Континуираното намалување на поддршката може дополнително да ја ослаби конкурентноста и инвестициската активност во сектор кој веќе се соочува со ниска продуктивност и демографско празнење на руралните средини. Меѓутоа, отсуството на детална оценка на влијанието на земјоделските субвенции и спроведување евентуални предлози за нивно реструктуирање во насока на создавање подобри резултати, исто така, е релевантно ограничување во однос на арбитрарно зголемување на средствата за финансиска поддршка на земјоделието.

## 9. Земјоделство и рурален развој

**Финансиска поддршка земјоделство (≥€180М/год.)**

2024: €148,8М (83%) | 2025: €124,3М (69%) | К1 2026: €116,5М

**X НЕИСПОЛНЕТО**

*Извор: Finance Think,* врз основа на Министерство за земјоделство.



### *10. Локална самоуправа: капиталните трансфери минимални*

Капиталните трансфери за општини во 2025 достигнале само €43,6 мил. – 17% од ветените €250 мил. Ветувањето за поврзување на трансферите со ефикасноста на општините воопшто не е следено.

## 10. Локална самоуправа и регионален развој

**Капитални трансфери за општини (до €250М/год.)**

цел €250М | 2024: €0,3М | 2025: €43,6М (17%)

**↘ ВО СПРОТИВНА**

**Трансфери корелирани со ефикасност на општини**

без мерење / реформата не реализирана

**– НЕМА МЕРЕЊЕ**

*Извор: Finance Think, врз основа на Министерство за финансии.*

## .11. Социјална заштита: систематски неисполнети ветувања

Ова е областа со најнизок степен на исполнување. Сите пет следени ветувања за зголемување на надоместоците за ранливи категории граѓани и семејства се неисполнети, со потфрлања кои варираат од 6% до 31% под ветеното ниво (Графикон 6).

Потфрлањето е особено изразено кај паричната помош за квадриплегичари (-31%) и посебниот додаток (-20%). Ниту еден надоместок не го достигнал ветеното ниво – ова претставува систематски неуспех во заштитата на најранливите категории граѓани.

Со оглед дека станува збор за категории со ограничен капацитет за самостојна заштита од доходни шокови, ваквото заостанување има потенцијал да ја продлабочи социјалната ранливост.



### 11. Социјална заштита

**Гарантирана минимална помош (+10%)**

цел: 5.787 ден. | факт: 5.445 ден.(-6%)

**X НЕИСПОЛНЕТО**

**Посебен додаток (+30%)**

цел: 10.020 ден. | факт: 7.978 ден. (-20%)

**X НЕИСПОЛНЕТО**

**Помош за квадриплегија (+50%)**

цел: 14.212 ден. | факт: 9.807 ден. (-31%)

**X НЕИСПОЛНЕТО**

**Помош за потполно глуви (+20%)**

цел: 6.497 ден. | факт: 5.604 ден. (-14%)

**X НЕИСПОЛНЕТО**

**Надомест. за скратено работно (+30%)**

цел: 23.804 ден. | факт: 20.623 ден. (-13%)

**X НЕИСПОЛНЕТО**

*Извор: Finance Think,* врз основа на МТСП и ДЗС.

**Графикон 6 – Реализација на ветувањата за социјална заштита (% од ветениот износ)**




*Извор: Finance Think, врз основа на МСПДМ и ДЗС.*

### *12. Пензиски систем: зголемувањето исполнето, реформите не*

Ветувањето за зголемување на пензиите за 5.000 денари е исполнето во две рати по 2.500 денари (2024 и 2025), како и последователни зголемувања за 2.000 денари (2025 и 2026). Но, ваквите зголемувања имаат сериозни фискални импликации и ја нарушија патеката за постепено консолидирање на дефицитот на ФПИОСМ.
Ова ја засилува потребата од подлабока пензиска реформа, бидејќи растот на расходите без паралелно проширување на приходната база создава дополнителен притисок врз фискалната одржливост на системот.
Реформата за унификација на минималните пензии и изградбата на домови и центри за стари лица не покажуваат напредок.

**12. Пензиски систем**

| | |
|---|---|
| **Зголемување на пензии за 5.000 ден. (4 год.)**<br>цел 2025: + 2.500 ден. \| факт: + 2.500 ден. | ✓ ИСПОЛНЕТО |
| **Единствена мин. пензија (9 групи → 1)**<br>ветено → без реализација | x НЕИСПОЛНЕТО |
| **5 домови + 8 центри за стари лица**<br>ветено → без реализација | x НЕИСПОЛНЕТО |

*Извор: Finance Think,* врз основа на ФПИОМ.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ

Анализата покажува мешана слика: клучните макроекономски показатели се движат во релативно поволна насока, но ветувањата кои директно влијаат врз животниот стандард бележат значајни потфрлања. Со само 11% целосно исполнети ветувања на половина мандат, темпото на реализација бара итна корекција. Генерално, анализата укажува дека Владата постигнува поголем напредок кај ветувањата поврзани со макроекономска стабилност и одржување на статус-кво политики, отколку кај ветувањата што бараат подлабоки структурни реформи или значајни буџетски ресурси. Ова укажува дека првата половина од мандатот беше обележана повеќе со управување со постојните политики и ограничување на ризици, отколку со посуштинска трансформација на социо-економскиот модел.

**Следниве се конкретни препораки:**

1. Транспарентна ревизија на програмата. Владата треба јавно да ги прегледа сите 44 мерливи ветувања и да претстави конкретен план за реализација или да ги ревидира нереалистичните таргети.
2. Итно зголемување на социјалните надоместоци. Сите пет следени надоместоци заостануваат 6–31% зад ветеното. Буџетот за 2027 треба приоритетно да ги затвори овие дефицити.
3. Ревитализација на капиталните инвестиции. Реализацијата од 62% е неприфатлива при постоење стратешка потреба. Потребни се ревизија на апсорпцискиот капацитет и забрзување на постапките.
4. Стратегија за СДИ и системска борба со сивата економија. Падот на СДИ и растот на неформалноста бараат нова стратегија, надградувајќи ги позитивните чекори поврзани со воведувањето е-фактура.
5. Реализација на даночните прилагодувања за бизнис секторот и за ранливите категории граѓани. Поволностите за ИТ компании, фриленсери и R&D остануваат само на хартија.
6. Јавно признание на напуштените ветувања. Ветувањето за 5% данок за мултинационали е суштински напуштено поради глобалниот минимален данок. Владата треба транспарентно да го комуницира ова.

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

**Swiss Agency for Development and Cooperation SDC**

*Проектот „Премостување на јазот помеѓу политичките ветувања и остварувања во четири развојни области“ е поддржан од Владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас.*

*Содржината на оваа публикација/видео/аудио е единствена одговорност на Finance Think и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на владата на Швајцарија, Цивика мобилитас, или организациите што ја спроведуваат*




**Finance Think** е Институт за економски истражувања и политики.

**Нашата Визија**
Да поттикнеме економско размислување за подобра благосостојба утре.

**Нашата Мисија**
Да го подобриме влијанието на економските, социјалните и развојните трендови и политики врз граѓаните во Северна Македонија и регионот на Западниот Балкан, преку истражувања, застапување базирано на докази и водено од податоци, и поттикнување критичка дебата за демократските и економските процеси.

Истражувањето на Finance Think им помага на носителите на политиките, застапниците на политиките, креаторите на мислење, економските новинари и јавноста да ги разберат прашањата кои влијаат врз обичните граѓани.

Ул. Фредерик Шопен 1/2,
1000 Скопје
+389 2 6156 168,
www.financethink.mk,
info@financethink.mk